# РЕШЕНИЕ од претседателот на Основниот суд Битола за изземање на судијата поротник Раде Јошевски

Кбр.490/12

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВЕН СУД БИТОЛА, [redacted], решавајќи по барањето за иземање на судијата поротник Раде Јошевски од понатамошно постапување по предметот Кбр.490/12 , поднесено од бранителот на обвинетиот Славко Даскаловски – адвокатот [redacted] од Битола , денес на ден 11.12.2012 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на бранителот на обвинетиот Славко Даскаловски-адвокатот [redacted] од Битола, за изземање на судијата-поротник Раде Јошевски, од понатамошно постапување по предметот Кбр.490/12, СЕ УВАЖУВА.

Во предметот Кбр.490/12 , како судија поротник да постапува судијата поротник [redacted].

## О б р а з л о ж е н и е

Бранителот на обвинетиот, поднесе барање за изземање на судијата поротник Раде Јошевски од понатамошно постапување по предметот Кбр.490/12 од причини што судијата поротник претходно се познавал со обвинетиот и при некакван средба дошло домеќусебен конфликт и заради тоа истиот бил повикан во полиција , заради што сметаат дека би бил пристрасен во понатамошното постапување.

Судијата поротник , во својата изјава дадена по повод барањето за негово изземање од понатамошно постапување по предметот наведе дека точно било тоа дека обвинетиот му имал упатено навредливи зборови кога бил пресретнат од него во старата чаршија , меѓутоа изјави и тоа дека тоа немало да има влијание врз неговата непрсистрасност при постапувањето и одлучувањето во конкретниот предмет. За одлуката остави на претседателот на судот.

Претседателот на судот , ценејќи ги наводите во изјавата на судечкиот судија, ценејќи го барањето, а по увидот во списите по предметот , утврди дека :

Барањето за иземање е основано.

Имено, од наводите во барањето и од изјавата на судијата поротник се утврди дека судијата поротник и обвинетиот имале конфликтна ситуација кога обвинетиот ,како наведува судијата поротник, му упатил навредливи зборови .

Од наводите во барањето јасно е дека поради оваа ситуација , обвинетиот се сомнева во неговото непристрасно постапување .

Претседателот на судот , имајќи го во предвид погоре наведеното, со цел да се отстрани било какво сомнение кај подносителот на барањето , за правично и непристрасно судење , согласно член 36 став 2 од Законот за кривична постапка , одлучи како во изреката на ова решение.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
Претседател
[redacted]

ПОУКА: Ова решение може да се побива само со жалба на пресуда.
ДНА: за обвинетиот на адвокат [redacted] .